# ЗЕЛЕНА ЗОНА

ГЛАСИЛО НА ПРИВАТНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ НА ШУМИ ВО МАКЕДОНИЈА

Август 2010 БР. 11


## Статутарни Промени

**Според новиот Закон за Здруженија и Фондациии, сите до сега регистрирани Граѓански Организации треба да извршат усогласување на своите интерни документи (статути, програми, правилници исл) со новите законски прописи). Според овој закон во името на Секоја Граѓанска Организација треба да е содржан зборот здружение (или фондација и сојуз доколку се регистрира како такво). Па така и Националната Асоцијација на Сопственици на Приватни Шуми ќе треба да си го смени името. Сега за сега, како предлог кој добива најмногу поддршка од членството е Национално Здружение на Сопственици на Приватни Шуми.**

## Регионални Координатори

Од 1 Јуни 2010 година во регионите на НА "Приватни Шуми", ќе започнат со работа Регионални Координатори. Со ангажман до 1 декември 2010 година, тие ќе помогнат во подобрата понуда и давање на услуги на членовите на НА "Приватни Шуми", како и други заинтересирани лица. Во главно, нивната задача ќе биде преипремата и оддржувањето на тренинзите за нашите членови, промовирањето на можностите на Програмата за проширена репродукција, како и поврзување и потпомагање на активностите во регионот.

До сега регионални координатори имаат Регион Берово, Регион Куманово и Регион Кичево.

Контактите на Регионалните Координатори се:

- Регион Берово: Стојан Арменски 075 287 875 stojarm@yahoo.com
- Регион Куманово: Дарко Шумански 071 292 008 darkoshumanski@yahoo.com
- Регион Кичево: Владимир Стојановски 078 476 266 vlatko_5@hotmail.com

## Работилница во Србија

Од 13-14 Април 2010 година бо Белград, Србија, се оддржа работилница под наслов "Друштвено одговорно работење во шумарството и дрвната индустрија во Југоисточна Европа", организирана од страна на UNECE/FAO - Timber Section (Економска Комисија за Европа на Обединетите Нации - Сектор за Дрво) и Шумарскиот Факултет од Белград. На оваа работилница со свој претставник беше поканета да присуствува и НА "Приватни Шуми", која воедно беше и единствениот претставник од Македонија. На работилницата имаше слушатели и предавачи од Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, Италија, Шкотска и Швајцарија.

Поимот Друштвено Одговорно Работење (ДОР) започнува да се воведува во работењето на претпријатијата и организациите во 70-те години на минатиот век и претставува концепт на работење на организациите во кој се интегрирани општествените предизвици како и оние на животната средина преку интеракција со сите засегнат страни, но на доброволна основа. По просто кажано ДОР е начин на работење на една фирма или организација при кој истата кон сите засегнати страни се однесува етички и одговорно.



Со воведување на ДОР во една организација се постигнува балансиран однос со сите засегнати страни во општеството, подобар имиџ на организацијата, подобар

однос со вработените, намалување на трошоците за работа како и повредите на работното место, подобрување на односот со државните институции и друго.



Работилницата ја сочинуваа два работни дена со по две сесии на предавања и презентации. Во склоп на работилницата со учество на присутните се формираа две работни групи на две теми во кои зедоа учество сите учесници. Работна група со предмет на работа "Теми со посебно значење за шумарскиот и дрвопреработувачкиот сектор во Југоисточна Србија" ги определи следниве теми занајзначајни:

1. Воспоставување на пазарни услови во шумарството и дрвната индустрија, поттикнување на извоз и либерализација на пазарот;
2. Социјално одговорна држава/држави;
3. Неусогласеност на секторските закони и
4. Развој на руралните подрачја и вработувања.

Работната група со предмет на работа "Каква помош им е потребна на претпријатијата и организациите за воведување на ДОР" се определи за следново:

1. Информативно-советодавни работилници на тема ДОР;
2. Државна (институционална) помош за воведување на ДОР и
3. Создавање услови за меѓусекторска соработка.

Како поим ДОР претставува новина за овие простори. Една од дилемите што самите организатори ја имале, всушност, била во таа насока, дали е сеуште прерано за воведување на еден таков комплексен систем на работење на овие простори. НА "Приватни Шуми", со учеството на една ваква работилница, ги доби првите сознанија за поимот, начинот на воведување и предностите од ДОР, но додека Асоцијацијата не најде начин за континуирано самоддржување многу мали се можностите за примената на ДОР. Сепак како важен и признаен актер во шумарството во Македонија ќе направиме напори за создавање на мала програма за Друштвено Одговорно Работење на НА "Приватни Шуми", следејќи го примерот на слични организации.

За повеќе информации и презентации од работилницата на **http://timber.unece.org/index.php?id=284**

**Скендерски Дарко**
Национален координатор - Технички секретар

## ЧЛЕНСТВО И ОГРАНОЦИ НА НАЦИОНАЛНА АСОЦИЈАЦИЈА НА СОПСТВЕНИЦИ НА ПРИВАТНИ ШУМИ

| | | членови | членови | членови | членови | членови | членови | членови | членови | членови | членови | членови | членови | членови | членови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дебарца | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25 | 43 | 43 | 63 | 68 |
| 2 | Македонски Брод | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12 | 23 | 27 | 27 | 27 |
| 3 | Велес | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13 | 47 | 50 | 53 | 53 |
| 4 | Богомила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14 | 135 | 127 | 144 | 144 |
| 5 | Пробиштип | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 | 9 | 16 | 72 | 176 |
| 6 | Радовиш | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 92 | 89 | 131 | 150 | 150 |
| 7 | Конче | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19 | 24 | 40 | 41 |
| 8 | Свети Николе | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 25 | 29 | 37 | 103 |
| 9 | Прилеп | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Кичево | 0 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 9 | 9 | 9 | 15 | 30 | 41 | 43 | 53 |
| 11 | Гостивар | 0 | | 6 | 8 | 11 | 25 | 32 | 33 | 39 | 56 | 56 | 56 | 60 | 60 |
| 12 | Крива Паланка | 6 | 8 | 8 | 8 | 9 | 11 | 11 | 11 | 11 | 11 | 11 | 15 | 24 | 32 |
| 13 | Виница | 3 | 6 | 12 | 15 | 15 | 15 | 15 | 21 | 30 | 30 | 30 | 30 | 30 | 30 |
| 14 | Кавадарци | 5 | 5 | 6 | 6 | 6 | 9 | 9 | 9 | 16 | 24 | 73 | 53 | 98 | 73 |
| 15 | Пехчево | 7 | 7 | 7 | 7 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 7 | 7 | 7 | 7 | 12 |
| 16 | Куманово | 8 | 8 | 11 | 15 | 21 | 21 | 21 | 31 | 31 | 33 | 44 | 41 | 61 | 68 |
| 17 | Берово | 17 | 26 | 47 | 49 | 49 | 54 | 74 | 79 | 87 | 103 | 143 | 145 | 152 | 199 |
| 18 | Делчево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 17 | 17 | 27 | 27 |
| 19 | Ново Село | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 7 | 7 |
| 20 | Конопиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50 | 55 |
| 21 | Витолиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12 |
| 22 | Маврово-Ростуша | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| 23 | Останати членови | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 46 | 41 |
| | ВКУПНО | 54 | 74 | 111 | 122 | 130 | 154 | 184 | 206 | 243 | 465 | 809 | 860 | 1191 | 1440 |
| | Година | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |

Членството се зголеми на 1440 членови

## Гостин од Шпанија

Од 15 Јули до 8 Август 2010 година, НА Приватни Шуми ќе биде домаќин на студент на шумарски факултет од Валенсија, Шпанија. Студентот, Пау Пикуеро, преку студентската асоцијација ИАЕСТЕ, со помош на СНВ Македонија и НА "Приватни Шуми" ќе се запознава со шумарството во Македонија, поточно приватното шумарство, преку праксата која му ја овозможува НА "Приватни Шуми".



Во текот на праксата ќе биде запознаен со состојбите во шумарствот во Македонија како во државните така и во приватните шуми. Во соработка со ЈП "Македонски Шуми", подружница Малешево од Берово и со несебична поддршка на Раководителот и останатите вработени, ќе му биде овозможено запознавање со сите етапи во стопанисувањето со шумите. Тоа ќе биде реализирано преку теренски посети на повеќе шумскостопански единици во кои се во тек различни етапи (сеча, дотур, траранспорт, дознака во приватни шуми и друго).

Како дел од активностите ќе биде и посетата на регионалните канцеларии на Асоцијацијата односно запознавање со нашата работа и активности, а воедно и активно учество во истите. Се надеваме дека во наредниот број на Зелена Зона ќе прочитате авторски текст од студентот.

## Работилница во Албанија

Од 3-5 Мај 2010 година бо Пешкопеја, Албанија се одржа работилница под наслов " Поддршка кон воспоставување на оддржливо стопанисување со шуми и давање на услуги", како дел на регионалниот шумарски проект на СИДА и СНВ, а продолжение на работилницата која беше оддржана во Ноември минатата година во Скопје, Македонија.



Целта на работилницата беше да се определат можните правци на делување на Асоцијациите од Македонија и Косово и Федерацијата од Албанија во насока на давање на конкретни услуги на сопственици на приватни шуми од кои и организациите ќе имаат полза, односно ќе почнат да остваруваат одредена заработка која би довела до самостојност во финансиското работење.

За разлика од работилницата од минатата година, на оваа работилница беа разгледувани конкретни предлози и мерки.

Првиот ден, во претпладневната сесија, беа прикажани 3 презентации со цел да поттикнат идеи кај слушателите. Првата презентација ја прикажа состојбата во Холандија, односно какви се услуги дава тамошната федерација на сопственици на приватни шуми. Втората презентација ги прикажа условите во Шкотска исто така со нагласок на развитокот на здруженијата на сопственици во насока на давање услуги.



Третата презентација беше со цел на присутните од Албанија и Косово да им се покажа позитивното искуство на НА "Приватни Шуми" во Македонија. Од страна на консултант од СНВ Македонија, беа прикажани почетокот, текот и резултатите на заедничките напори на СНВ и НА "Приватни Шуми" за помош на сопствениците при искористувањето на средства од Програмата за проширена

репродукција на РМ за 2009 како и активностите и плановите за 2010 година.

Во попладневната сесија, учесниците имаа можност да се запознаат со активностите кои ги има преземено Федерацијата на комунални шуми и пасишта во тој регион, во давање помош на сопственици при користењето на нивните шуми. Помошта и мерките се во насога на подобрување на квалитетот на нивните шуми како и подигнување на финансискиот приход. Беа посетени две парцели, шума од костен и шума од даб. И во едната и во другата беа преземени одгледни мерки со прореди.



На вториот ден беше предвидена само претпладневан сесија, на која претставниците од Асоцијациите и Федерацијата, со конкретни мерки, дадоа предлог и видување за три вида на услуги кои според нивно видување имаат можност најбргу да почнат да ги даваат. НА "Приватни Шуми" ги даде следниве три предлог услуги:

1. Менаџирање на шуми кои не можат или не сакаат сами да ги стопанисуваат своите шуми;
2. Изработка на стручна документација за потребите на Програмата, субвенции, проекти и др;
3. Препродажба на огревно дрво, техничко дрво и други шумски производи

Потоа следуваше објаснување на предлозите за секоја земја посебно. На едно директно прашање "Што следува по овие предлози?", претставникот на НА "Приватни Шуми" си зеде за обврска да ги разгледа можностите за остварување на предложените услуги. Воедно заедничкото присуство на претставниците од Албанија и Македонија, беше искористено за разгледување на предлози за подготовка на проект со кој заеднички ќе аплицираме за средства од ИПА програмата за меѓугранична соработка помеѓу Македонија и Албанија.

**Скендерски Дарко**
Национален координатор - Технички секретар

## Актуелности од О.О. Свети Николе

На 15.04.2010 О.О. на НАСПШ од Св.Николе го одржа првиот состанок со членовите и раководството на О.О. На седницата беше разгледан извештајот за работата и активностите за огранокот и НАСПШ во целина, а посебно акцент се даде за тромесечието од 2010 година и активностите што беа спроведени во него.

Беше нагласено од претседателот дека со големо залагање во првите 3 месеци од оваа година во Овчеполието беа насадени садници од Saleix alba express околу 6000 садници за зелени појаси и 600 садници багрем за земјоделски површини кај приватни сопственици под надзор на СНВ и О.О. Свети Николе на НАСПШ.

Посебно се истакна дека за овие насади има огромен интерес и дека во иднина треба да се зголемат земјоделските површини така да деновиве се пријавија сопственици каде ги понудија своите земјоделски површини за засадување на 5 хектари од овие дрва.

Актуелно беше прашањето за членарината од 150 денари, која не е висока но поради економската криза сите членови не се во можност да ја платат, но тоа не значи дека ќе треба да се исклучуваат од нашата организација, напротив треба да останат членови и да се даде можност кога материјално ќе се соземат да ја платат членарината.

Се нагласи да се прават напори од страна на НАСПШ да се разговара со министерот на МЗШВ да се некако намали цената за видно обележување на границите на парцелите под шума. Иако некои сопственици ги завршија тие работи уште лани, но тие што имаат шуми на помали и повеќе парцели тешко да одвојат по 100 евра за парцела за катастерски премер.



Секако дека на седницата се отворија и прашања за високата цена на таксата при одобрување на сеча споредена со таксата на другите балкански земји постојано треба да се врши притисок да се усогласат со другите балкански земји. Треба да се предложи на владата одреден процент од налатената такса да се врати на НАСПШ заради нејзино основно функционирање.

**Митре Р. Николов**

## Кратки Информации

На 10.04.2010 во просториите на СНВ во Скопје Претставници на НА "Приватни Шуми" имаа средба со претставници на СИДА (Шведска Организација за Поддршка и развој). Средбата беше со цел претставниците на СИДА да се запознаат со резултатите од заедничките активности кои ги презеде НА "Приватни Шуми" со СНВ во давање поддршка на заинтересирани членови при аплицирањето за користење на средства од Програмата за Проширена Репродукција. Овој склоп на активности (проект) во еден дел се реализира со помош на средства кои се обезбедени од СИДА. Преку директно сведоштво на наш член, претставниците се запознаа со корисноста и потребата на поддршката, како и со многукратно зголемените активности за во 2010 година.

На 11.05.2010 во просториите на СНВ во Скопје се оддржа состанок на Извршниот Одбор на НА "Приватни Шуми". Состанокот беше наменет во подготовка на работен материјал за редовното Годишно Собрание, Евалуација на работата на НА "Приватни Шуми" од последното до сегашното Годишно Собрание, за престојните кадровски промени како и за идниот ангажман на Регионалните Координатори.

На 26.05.2010 година во Скопје, во хотел Камник, се оддржа редовно Годишно Собрание на НА "Приватни Шуми" за 2010 година, на кое меѓу другото, Собранието избра нов претседател, Војо Соколовски.

На 08.06.2010 година во Скопје во хотел Континентал се оддржа презентација на новформираната Мрежа за Рурален Развој на Република Македонија, на која покрај многуте невладини организации од руралните делови на Македонија беше поканета и НА "Приватни Шуми"... **http://ruralnet.mk**

На 08.06.2010 година во Штип, претставник на НА "Приватни Шуми" на покана на ТАЦС (Техничка поддршка за Граѓанските организации), присуствуваше на еднодневна обука на тема "Генерирање Фондови"... **http://www.tacso.org**

На 22.06.2010 година новиот Претседател заедно со Националниот Координатор, имаа работна средба со Државниот советник за Шумарство, г-нот Војо Гоговски. На состанокот се разговараше за проблемот со член 68 од Законот за Шуми (видното обележување - елаборатот), за можностите НА "Приватни Шуми" да добие средства од Програмата за проширена Репродукција, за проблеми поврзани со катастер, можни нови законски промени и друго.

На 29.06.2010 година во с. Годивје, општина Дебарца се изврши обука на членовите на Доброволното Противпожарно Друштво "Горна Дебарца", составено исклучиво од наши членови ( членови на Општински Огранок Дебарца). За оваа поопширно во овој број...

## Посета на високи функционери од СНВ

Деновиве, поточно на 22.06.2010 год. О.О. од Св.Николе го посетија високи функционери од Холандската Развојна Организација СНВ и тоа г-от Јан Букелман менаџер по финансии и г-та Каролин Ван Бремен менаџер директор по човечки ресурси, Анела Ставревска советник во СНВ, Сашо Петрвски советник во СНВ, Воислав Тодоровски советник во СНВ.

Во канцеларијата на О.О. Св.Николе се одржа краток состанок на кој присутни беа Стојан Гигов претседател на О.О. Св.Николе, секретарот Глигор Ужевски и членови на О.О. Св.Николе кои аплицирале за пошумување на голини и ерозивни терени во општина Св.Николе.

На состанокот се разговараше за соработка на СНВ од една страна и НАСПШ од друга страна каде се потенцира поддршката од страна на СНВ во изработка на програми за наши членови за апликација од фондот за проширена репродукција при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Стојан Гигов претседател на О.О. во иметон на сите членови се заблагодари за несебичното залагање на советниците на СНВ во реализација на програмите за апликација од фондот за проширена репродукција, Бидејки на 15.06 беше одобрена првата програма на Димитар Ристов од с.Мечкуевци за 1 хектар пошумување со шумски садници од багрем и даб.

Воедно претседателот изрази голема благодарност и за проектите на СНВ за зелените појаси во овчеполието кој проект се реализира кај членови на О.О. од Амзибегово и Мечкуевци. По краткиот разговор се отиде на терен во селата Орел и Трастеник каде кај нашите членови се изврши мерење и увид на површини наменети за пошумување.

Со ова се оствари сонот на членовите и раководството на О.О. Св.Николе за створање на зелени појаси во Овче Поле.

**Стојан Гигов**
претседател на О.О. Свети Николев

## Состанок на Општински Огранок Ново Село

На ден 03 април 2010 година со почеток во 12:30 часот во просториите на Општина Ново Село се оддржа сотанок на Општински Огранок Ново Село. Присутни беа сите членови на огранокот, 20-на заинтересирани сопственици на приватни шуми како и Националниот Координатор - Технички секретар кој појасни дека овој состанок е дел од предвидените активности на регион Радовиш за првата половина на 2010 година и има за цел заживување на огранокот.

Состанокот беше со следниот дневен ред:

1. Запознавање на присутните со НА "Приватни Шуми";
2. Информација за промената на Законот за Шуми;
3. Презентација на услугите што ги дава НА "Презтатни Шуми" во поглед на користење на Прогр.за прош. репр. како и обуки за сопствениците;
4. Запознавање со локалните проблеми и состојби и
5. Разно

На состанокот од присутните беше укажано на проблемите кои се повторуваат и се исти за цела Република Македонија.



Како еден од главните проблеми се посочуваат групата на проблеми поврзана со катастерот (промена на имиња на места, несовпаѓање со површионите по документ и на лице место, катастерски култури на парцели кои не се соодветни со состојбата на терен, неизвршените физички делби и друго) во која ја вбројуваме и онаа што се однесува на "видното обележување" од страна на "приватните геодети".

Во овој дел особено е изразен проблемот со користењето на "меѓните стебла", дрвјата кои се наоѓаат на друга катастерска култура (нива, градина, пасиште, ливада и друго), а не се во шума. Проблемот се сотои во комплицираната процедура за добивање на одобрение за сеча која, надополнета со незнаењето на сопствениците и недоволната услуга од страна на подружницата на Ј.П. "Македонски Шуми" прераснува во голем проблем за луѓето од овој регион.

На состанокот им беше пренесена можноста за користење на средства од Програмата за проширена репродукција и услугата што Асоцијацијата може да им ја даде во тој поглед, како и можноста за одржување на еднодневна обука.

Раководството на огранокот се обврза да ја прошири информацијата за програмата понатаму, а што се однесува до обуката ќе се договорат која од понудените теми ќе биде интересна и дополнително ќе го известат Регион Радовиш, кон кој тие припаѓаат.

На крај состанокот беше поздравен од присутните како еден од малкуте обиди за разрешување на проблемите и давање услуга на сопствениците на приватни шуми од овој регион.

**НА Приватни Шуми**
**Општински Огранок Ново Село**

## Состанок на секција на населено место Владимирово на Општинскиот Огранок Берово

На 16 Април 2010 година со почеток во 20:30 часот во просториите на ресторан "Текила" во с.Владимирово, се оддржа состанок со членовите од секција на населено место Владимирово на Општинскиот Огранок Берово.

Состанокот беше со следниот дневен ред:

1. Информирање на членството за постигнатиот успех во врска со локалниот проблем;
2. Новостите кои произлегуваат од новиот Закон за Шуми;
3. Можноста за користење на средства од Програмата за Проширена Репродукција (ППР) и можност за организирање на обуки;
4. Активности на Регион Берово и
5. Разно.

На состанокот беа присутни претседателот на НА "Приватни Шуми, Националниот координатор - Технички секретар, Претседателот на регион Берово и претседателот на О.О. Берово, а како домаќин беше претседателот на секцијата со голем број на зинтересирани жители како и наши членови. Поради врнежливото време и доцниот термин ресторанот се наполни до последно место. Учеството од страна на населението во дебатите и дискусиите на состанокот, беше на високо ниво.

Состанокот го водеше претседателот на О.О. Берово, кој им кажа на присутните дека овој состанок е дел од планираните активности на регион Берово, односно на О.О. Берово, за првата половина од 2010 година. Како дополнителна информација има ги објасни и активностите кои понатаму се планирани на ниво на регион и огранок.

Понатаму се пристапи кон објаснување и информирање на сопствениците за сето онаа што го направи НА "Приватни Шуми", на општинско и национално ниво, за разрешување на проблемот во Катастерска Општина (КО) Владимирово. Така да во иднина, за сопствениците на КО Владимирово и за секоја друга КО во која нема имотни листови, ќе важат други правила за добивање на одобрение за сеча. Во овие места сопствениците ќе треба да приложат, поседовен лист, изјава заверена кај нотар дека се сопственици или

сосопственици на парцелата и известување од Катастар дека во таа КО нема имотни листови.

Известувањето од Катастарот треба да биде побарано по службена линија од страна на подружницата на ЈП"Македонски Шуми", одговорна за областа која е опфатена со таа КО, и тоа известување треба да важи за секого.

Понатаму им се соопштија новостите кои произлегуваат од новиот Закон за Шуми и предностите и проблемите поврзани со нив. Тука присутните изразија голем револт од примената на член 68 од законот и сите дополнителни проблеми и обврски кои се поврзани со него. Објаснувањето на можностите што ги нуди ППР, како и услугите кои НА "Приватни Шуми" со помош на СНВ ги дава на сопствениците, кај присутните побуди голем интерес за што претседателот на секцијата дополнително ќе ги извести огранокот и регионот.

По точката разно се дискутираа разни теми поврзани со приватното шумарство, претежно од локален и општински карактер.

Пријатно изненадување беше зачленувањето на 12 нови членови, од кои 9 ја платија членарината за 2010 година.

**НА Приватни Шуми**
**Општински Огранок Берово**

## Можности за креативните членови

НЗ "Приватни Шуми" во соработка со нашиот добро познат и верен соработник, СНВ, уште еднаш ќе се обиде да го извлече креативниот потенцијал на сите наши членови без разлика на годините, образованието, полот и националната или етничка припадност. Буквално секој член на Здружението без разлика дали е или не е дел од раководство на огранок или регион има право да планира, подготвува и реализира активност на ниво на огранок или регион. Се разбира активноста претходно треба да биде одобрена од СНВ и Здружението, но одобрението ќе се однесува на процената на реалноста и вистинитоста на целта, очекуваниот резултат и оправданоста на трошоците во планираната активност.

За апликација за средства за реализација на Вашата идеја-активност потребно е да се пополнат следниве податоци:

1. Опис на предвидени активности;
2. Колку средства се потребни за реализирање на предложените активности и
3. Кога и кој ќе ја реализира активноста.

При планирање на активностите треба да се води сметка по реализирањето на активноста таа да има постигнато една од следниве цели:

1. Подобри услуги на НАСПШ кон членството на ниво на регион,
2. Регионално лобирање, застапување и поврзување на НАСПШ.

На крај, ништо не би било интересно доколку не би постоеле правила, а тие во овој случај се следни:

Една апликација е со максимален финансиски износ од 12.000 денари;

Целокупен рок на изведба не подолг од 10 дена по одобрување;

Не може да се поднесат повеќе апликации од регион, туку по остварена активност, може да се аплицира со наредна и

Покривање на направени трошоци по поднесен извештај за извршена активност и негова верификација.

**Вие сте член на НЗ "Приватни Шуми" ?**
**Сакате да реализирате активност?**
**Имате идеја?**

Се што треба да направите е да ја преточите Вашата идеја за активност во текст, во кој ќе ги вклучите сите потребни, а погоре спомнати работи, да контактирате со Вашиот Општински Огранок ( тој што Ви кажал за нас и Ве зачленили или таму кај што Вие самите сте се зачлениле) и да аплицирате.

**Дали можете и Вие да бидете креативен член?**
**Повелете !!**

## Националната Асоцијација стана Национално Здружение

Со одлука донесена на вонредното годишно собрание, одржано на 26 Јули 2010 година, а потврдена со решение на Централниот Регистар на РМ бр:30920100001454 од 31.07.2010 година, Националната Асоцијација на Сопственици на Приватни Шуми има НОВО ИМЕ кое гласи : Национално Здружение на Сопственици на Приватни Шуми или скратено НЗ "Приватни Шуми"

Промената на името беше предизвикана од страна на новите законски одредби во Законот за здруженија и фондации (Службен Весник на РМ 52/2010), според кој во името на секое здружение на граѓани треба да се содржи зборот здружение. Самиот факт на промена на име повлекува со себе промена на печат на Асоцијацијата/Здружението како и на нејзините организациони облици, Регионите и Општинските Ограноци. За подетални информации обратете се до раководствата на вашите Општински Ограноци или Региони.

**Скендерски Дарко**

# Општински ограноци и регионални канцеларии на НАСПШ

***Регион Куманово***

О.О. Куманово
О.О. Крива Паланка
О.О. Свети Николе
О.О. Пробиштип

*Регион Куманово*
(седиште во Пробиштип)

*Претседател на регион*
*тел:* 070 230 336;
*Дежурно лице*
*тел:* 070 230 336;
*e-mail:*
panag@t-home.mk

***Регион Кичево***

О.О. Кичево
О.О. Македонски Брод
О.О. Дебарца
О.О. Гостивар
О.О. Маврово-Ростуша

*Регион Кичево*

*тел:* 045 227 335; 070 927 365;

*e-mail:*
pejoski_igor@yahoo.com
nsadiku54@yahoo.com

***Регион Берово***

О.О. Берово
О.О. Пехчево
О.О. Делчево
О.О. Виница

*Канцеларија на НА во Берово*
(и регион Берово)
ул. Моша Пијаде бр.49,

*тел:* 033 471 053; 076 485 440;

*e-mail:*
macprifor@yahoo.com

***Канцеларија на Технички Секретар***

*тел:* 033 471 053
*моб:* 070 381 549

*e-mail:*
macprifor@yahoo.com

***Регион Кавадарци***

О.О. Кавадарци
О.О. Богомила
О.О. Велес
О.О. Конопиште
О.О. Витолиште

*Регион Кавадарци*
(седиште во Богомила)

*тел:* 070 553 551; 070 239 479;

*e-mail:*
trajcestam@yahoo.com
bobo_tasev@yahoo.com

***Регион Радовиш***

О.О. Радовиш
О.О. Ново Село
О.О. Конче

*Регион Радовиш*

*тел:* 032 522 770; 075 228 343;
070 319 360

*e-mail:*
petar.trencev@gmail.com
trajkovg@mt.net.mk

**Поддршка во јакнење на капацитетите на НАПШ обезбедува**
**СНВ - Холандска Развојна Организација, ул.Дане Крапчев бр.10А - Скопје;**
**тел: 02 3217 320 / 321 / 322;**
**e-mail: pkampen@snvworld.org; spetrovski@snvworld.org; astavrevska@snvworld.org; vtodorov@snvworld.org; lnetkov@snvworld.org**

**СНВ Македонија**
Холандска Развојна Организација
ул. Дане Крапчев бр.10А,
1000 Скопје, Македонија
тел: 02 / 3217 320 ; 3217 321
www.snvbalkans.org
SNV
Connecting People's Capacities

**Национална Асоцијација на Сопственици на Приватни Шуми**
ПРИВАТНИ ШУМИ
www.naps.com.mk
033 471 053 | 070 381 549
macprifor@yahoo.com